**ЗАПИСНИК**

**Од јавна расправа по Студијата за оцена на влијание врз животната средина за проектот: Автопат А2, Гостивар – Кичево, подделница Букојчани – Кичево, за потребите на инвеститорот Јавно претпријатие за државни патишта од Скопје**

На ден 23.07.2021 година, во салата за Совет во општина Кичево, се одржа Јавна расправа по Студијата за оцена на влијание врз животната средина за проектот: "Автопат А2, Гостивар – Кичево, подделница Букојчани - Кичево". Јавната расправа која ја организира Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со инвеститорот Јавно претпријатие за државни патишта и општина Кичево, започна во 10:00 часот.

Присутни:

- Билјана Петкоска – Раководител на Сектор за животна средина, МЖСПП;
- Александар Петковски – Помошник раководител на Сектор за животна средина, МЖСПП;
- Арсим Ќоку – Помошник директор за инвестиции, ЈПДП – претставник на инвеститорот
- Јоже Јовановски – претставник на инвеститорот
- Милена Манова Илиќ – претставник на инвеститорот
- Весна Брзачка – претставник на инвеститорот
- Драган Ѓорѓевиќ – преставник на консултантот "ГЕИНГ" ДООЕЛ од Скопје;
- Заинтересирани/засегнати граѓани (листа на присутни во прилог)

Јавната расправа се одвиваше по следниот Дневен ред:

1. Отворање и вовед

Јавната расправа ја отвори и ја водеше Билјана Петкоска – Раководител на Сектор за животна средина во Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. По краткиот осврт на целата за организирање на јавната расправа му беше даден збор на Г-дин Арсим Ќоку,  Помошник директор за инвестиции. По краткиот говор,  претставник на консултантот "ГЕИНГ" ДООЕЛ од Скопје Г-дин Драган Ѓорѓевиќ, во замена на Г-ѓа Олгица Мицевска – одговорен експерт за ОВЖС да одржи презентација на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот.
Олгица Мицевска е оправдано отустна, за што има доставено и медицинска потврда.

2. Г-дин Арсим Ќоку,  Помошник директор за инвестиции – ги поздрави граѓаните и го истакна значањето на проектот. Информира дека за проектот се обезбедени пари за изградба од ЕБОР и се очекува градбата да започне по комплетирање на целокупната техничка документацијата.

**3. Презентација на Студијата**

Г. Драган Ѓорѓевиќ ја презентираше Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: "Автопат А2, Гостивар – Кичево, подделница Букојчани - Кичево", за потребите на инвеститорот Јавно претпријатие за државни патишта од Скопје. Во презентацијата на Студијата за ОВЖС беа образложени и елаборирани основните параметри на проектот. Беа презенитирани главните карактеристики на проектот, оцена на влијание врз животната средина во и околу проектот, алтернативи кои биле земени во предвид, мерки за намалување на негативните влијанија врз животната средина, планот за управување со животната средина и анализа на ризици како и план и мерки за заштита од незгоди.

По завршувањето на презентацијата на Студијата за ОВЖС, Билјана Петкоска пред да ја отвори дискусијата информираше, дека Студијата за ОВЖС е достапна на интернет страната на МЖСПП

и во засегнатите општини, а коментарите од заинтересираната јавност ќе бидат земени предвид во текот на постапката.

**4. Дискусија**

Прашање: Спасеноски Миле. Истакна дека е сопственик на парцела, и замоли да биде информиран за цената по која ќе се врши експропријација на земјиштето и во која ширина од патот ќе се експроприира.

Одговор: Јоже Јовановски истакна дека цената на земјиштето во овој момент не е позната бидејќи експропријација на земјиштето ќе се врши согласно Законот за експропријација на објекти од јавен интерес по одобрен Проект за инфрастуктура и елаборат за експропријација. Со сите засегнати приватни сопственици на парцели ќе се разговара одделно и истите ќе бидат повикани на јавна расправа согласно Законот за експропријација и барањата на ЕБОР. Ширината на експропријационата линија ќе биде утврдена во Елаборатот за експропријација и таа варира зависно од теренските услови.

Прашање: Спасеноски Боге истакна дека автопатот буквално ќе поминува покрај неговата куќа, а со изградбата на автопатот дополнително му се одзема цела парцела (на којашто во иднина планира да гради).

Одговор: Јоже Јовановски истакна дека патот е проект од државен (јавен) интерес. По должина на утврдената траса треба да се очекува, дека некои граѓани ќе бидат позасегнати од други, но за секој одземен имот ќе следува соодветен надоместок во постапка за експропријација на земјиштето и истата ќе се врши согласно Законот за експропријација на објекти од јавен интерес и согласно барањата на ЕБОР.

Прашање: Зибери Арсим. Го поздрави спроведувањето на проектот и тоа што препорачана алтернатива е избраната таа што го избегнува селото Долно Строгомиште и гробиштата во селото. Како жител од село Долно Строгомиште само ги потенцираше критичните места за кои е потребно да се земат во предвид при проектирањето и иградба на автопатот, односно:
- Вијадуктот кој е потребно да се изгради преку железничката пруга, локалниот пат да се сочува.
- Кај клучката Долно и Горно Строгомиште да се предвиди испуст бидејќи на локацијата ќе се собира вода при врнежи.
- Преку река Строгомишка има ширење на коритото – сугестијата е да се предвиди регулација за да нема поплави.
- Се очекува изградба на главен колектор за да зафаќа води од Зајас се до филтер стницата.
- Да се внимава и кај стационажа 3, кадешто поминува водоводна мрежа.

Одговор: Јоже Јовановски се заблагодари за конструктивните укажувања и истакна дека сите ќе бидат земени во предвид при проектирањето.

Прашање: Зимбери Фејза. Имајќи во предвид дека проектираната брзина е 100км/ч, дали доколку се смени брзината на движење ќе има промени на проектот?

Одговор: Јоже Јовановски. Да доколку се избере поголема проектирана брзина, согласно проектантските барањата проектот ќе претрпи измени, односно ќе биде потребен поголем простор за поголеми геометриски елементи на автопатот, што во услови на голем број населени места не е физички возможно. Затоа проектната брзина е 100км/ч.

Бидејќи никој друг не побара збор, Билјана Петкоска, ја зтавори јавната расправа во 12.00 часот.

Записничар:
Билјана Петкоска